## 3G IPHONE




Потврдено е дека iPhone ќе добие поддршка за 3G.

Имено, оние кои ги следат новостите од мобилната индустрија, сигурно знаат дека познатиот iPhone може многу работи но, за жал, нема поддршка за 3G мрежи.

Ваквото ограничување поради кое брзината на Интернет пристапот е многу мала, најмногу ги разочарува европските корисници кои веќе во голема мера се навикнати на 3G брзини. Најавата дека iPhone ќе добие 3G доаѓа директно од извршниот директор на "AT&T Randall Stephenson", кој го изјавил ова на последната средба со новинарите. Во секој случај очекуван потег на "AT&T" и "Apple", кои очигледно веќе подолго време работат на новата верзија на iPhone.



## РОБОТ EMIEW 2



Роботот EMIEW 2 одговарал на новинарски прашања.

Хуманоидниот робот EMIEW 2 го дизајнирала јапонската компанија "Hitachi", кој има специјална намена за помош во работилници и лаборатории. На новинарското прашање: "Каде да седнеме?", EMIEW одговорил: "Јас ќе ве одведам, следете ме!" Може да се движи на два начина, на четири тркала или на две нозе, а неговата намена е за места каде што има малку простор.



